**Република Северна Македонија**
**Republika e Maqedonisë së Veriut**

**СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**KËSHILLI GJYQËSOR I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**

**Ул. "Македонија" бр. 5, 1000 Скопје | тел. 02/3 218 130 факс. 02/3 218 131 | contact@ssrm.mk**
**Rr. "Makedonija" nr. 5, 1000 Shkup | tel. 02/3 218 130 faksi. 02/3 218 131 | contact@ssrm.mk**

Бр. ____________

_______________

СКОПЈЕ

# ЗАПИСНИК
## од 467-та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија

Скопје, Декември 2023 година

Седницата се одржа на ден 06.12.2023 година, среда во 10:00 часот во салата за седници.

Присутни членови:

- **Судија Сашко Георгиев**, Претседател;
- **Судија Ханиф Зендели**, Заменик претседател;
- **Судија Мери Радевска**, Член
- **Судија м-р.Антоанета Димовска**, Член
- **Судија Лорета Горгиева, Член**
- **Судија м-р.Ивица Николовски**, Член;
- **Судија Мирсад Суроји**, Член;
- **Весна Дамева**, Член;
- **м-р.Миљазим Мустафа**, Член
- **м-р.Селим Адеми**, Член;
- **Павлина Црвенковска**, Член;
- **м-р.Тања Чачарова Илиевска**, Член

Отсутни членови:

- **Беса Адеми**, Претседател на Врховен суд на РСМ *(уредно поканета)*;
- **Кренар Лога**, Министер за правда *(уредно поканет)*.

Присутни од стручната служба:

- **Весна Толева**, ВД Генерален секретар;
- **Александра Шоптрајанова**, Технички секретар;
- **Владимир Станковиќ**, Државен советник

Седницата е отворена за јавноста и се констатира дека нема присуство на медиуми.

Согласно член 8 став 1 од Законот за Судскиот совет Седницата ја отвори и со неа раководеше Претседателот на Советот **Сашко Георгиев**.

Откако го констатира присуството на членовите на Советот и нивното отсуство, со излагање на причините за членовите кои не се присутни на седницата, го изложи предлог Дневниот ред за 467-та седница:

1. Усвојување на
   - Записник од 454-та седница на Судскиот совет на Република северна Македонија од 13.09.2023 година и продолжение од 14.09.2023 година;
   - Записник од 455-та седница на Судскиот совет на Република северна Македонија од 26.09.2023 година
   - Записник од 456-та седница на Судскиот совет на Република северна Македонија од 28.09.2023 година
2. Донесување на одлука за објавување на оглас за избор на судии на Врховен суд на РСМ;

3. Анализа за потребата од донесување на Одлука за објавување на оглас за избор на судии на апелациони судови во РСМ;
4. Разгледување на извештај на Комисија по објавен оглас за избор на судии на Апелационен суд Штип;
5. Разгледување на одлука на Виш управен суд;
6. Одлучување по известување за утврдена фактичка состојба;
7. Формирање на комисии на известители по поднесени барања за утврдување одговорност на судија/претседател на суд и
8. Разно

Претседателот на Советот **Сашко Георгиев** отвори дискусија за наведениот предлог Дневен ред.

За збор се јави Членот на Советот **м-р.Тања Чачарова Илиевска** и истата предложи точката 2 - Донесување на одлука за објавување на оглас за избор на судии на Врховен суд на РСМ и точката 3 - Анализа за потребата од донесување на Одлука за објавување на оглас за избор на судии на апелациони судови во РСМ да се повлечат. Имено, анализата за објавување на оглас веќе била усвоена на една од претходните седници, меѓутоа сега има некое сознание од Комисијата што ја работела анализата и дополнување на истата, а материјалите не се добиени. Поради тоа, по добивањето на материјалите да се разгледа состојбата во судовите па дури потоа откако реално ќе се утврди потребата од судии во некој суд да се распише оглас. Потоа на наредната седница ќе може да се стават овие точки на дневен ред. Повеќе судови имаат потреба од судии.

За збот се јави Членот на Советот **Весна Дамева** која наведе дека ваквиот предлог е апсолутно прифатлив од причина што ваквата анализа е усвоена за Врховниот суд на РСМ, Вишиот управен суд и 4-те Апелациони судови. Поради тоа потребно е да се утврдат сите факти и околности за да се утврди точната бројка на потребни судии во судовите. Комисијата нема да изготви дополнителен извештај бидејќи истата била усвоена на 455-та седница на Советот, но во тек е анализата за основните судови која треба да биде показател за одредување на потребниот број судиски места.

Откако никој не се јави за збор, Претседателот на советот **Сашко Георгиев** предлогот на Членот на Советот **м-р.Тања Чачарова Илиевска** да се повлечат точките 2 и 3 од предлог Дневниот ред го стави на гласање.

По гласањето констатира дека со 10 гласа „За“ и 2 “Против” усвоен е предлогот на Членот на Советот **м-р.Тања Чачарова Илиевска** да се повлечат точките 2 и 3 од предлог Дневниот ред.

Потоа се премина на гласање на другите точки од предлог Дневниот ред.

По гласањето констатира дека едногласно со 12 гласа „За“ усвоен е слдениот:

## ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на
   - Записник од 454-та седница на Судскиот совет на Република северна Македонија од 13.09.2023 година и продолжение од 14.09.2023 година;
   - Записник од 455-та седница на Судскиот совет на Република северна Македонија од 26.09.2023 година
   - Записник од 456-та седница на Судскиот совет на Република северна Македонија од 28.09.2023 година
2. Разгледување на извештај на Комисија по објавен оглас за избор на судии на Апелационен суд Штип;
3. Разгледување на одлука на Виш управен суд;
4. Одлучување по известување за утврдена фактичка состојба;
5. Формирање на комисии на известители по поднесени барања за утврдување одговорност на судија/претседател на суд и
6. Разно

### Точка 1

(Усвојување на записник од 454-та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија од 13.09.2023 година и продолжение од 14.09.2023 година, записник од 455-та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија од 26.09.2023 година и записник од 456-та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија од 28.09.2023 година )

По однос на точката 1 Претседателот на Советот **Сашко Георгиев** отвори дискусија.

За збор се јави Членот на Советот **Весна Дамева** која наведе дека овој записник бил со многу технички греашки, а бидејќи записниците се објавуваат јавно на ВЕБ страната на Судскиот совет на РСМ и е поминат подолг временски период од одржаната седница, ќе гласа за истиот, меѓутоа државниот советник ќе треба да ги исправи техничките грешки. Симтоматично е и се доведува во заблуда јавноста и Советот, бидејќи на страна 12 стојат наводи на Генералниот секретар со име и презиме, па се стекнува впечаток дека истиот учествува и расправа на седница. Другите два записника се идеално изготвени. Во иднина записниците треба да бидат унифицирани и да биде наведено името и презимето кој како гласал, бидејќи очигледно тоа не било сторено. На страна 12 од записникот било наведено дека одлуката била донесена со 7 гласа “За” и 4 “Против”, а истата наведува дека гласала “Против”.

Претседателот на Советот **Сашко Георгиев** наведе дека утрината имал состанок со Генералниот секретар и со еден од советниците кој ги изготвувал записниците. Истиот наведе дека е согласен да се постапува по заклучокот да

во записниците се наведе кој како гласал. Од овие причини ги повикува членовите на колегиум за да се реши ова прашање.

За збор се јави членот на Советот **м-р.Антоанета Димовски** која наведе дека во записникот од 454-та седница реченицата каде членот на Советот **м-р.Антоанета Димовска** наведе "потребно да се користи формулација со период од пред една една или две без причините да се наведуваат" нејасно е што се сакало да се каже со оваа реченица, а би било нејасно и за јавноста бидејќи записниците јавно се објавуваат.

За збор се јави Членот на Советот **м-р.Ивица Николовски** кој наведе дека е потребно да се определи едно лице и негов заменик кое ќе биде задолжено да сочини записник и го достави на усвојување. Ваквиот записник бил бил унифицарн и не бил имал толку технички грешки. Тоа лице ќе ги согледа индивидуалните потреби на членовите и ќе ја преземе целосно одговорноста да изготви записник во потребна форма.

За збор се јави членот на Советот **м-р.Селим Адеми** која наведе дека согласно член 15 став 1 од Деловникот за работа на Судскиот совет на РСМ, записникот го води генералниот секретар или лице што ќе го определи Советот. Оттука произлегува дека додека не се определи лице кое ќе го води записникот, таа обврска е на Генералниот секретар.

За збор се јави Членот на Советот **Лорета Горгиева** која наведе дека на адреса на Државниот советник кој го изготвил записникот нема никакви забелешки. Наведе дека е симптоматично и загрижувачки зошто техниката повторно не била во ред и што се случува со техничките работи во смисла на листинзи од гласање, нотирање и други работи кои се во квар во континуитет. Од друга страна беше дадена можност да се користат УСБ стикови–флеш меморија за снимените аудио записи од седниците. Бара да се даде тонскиот запис на секој што ќе побара. Тоа на колегиум било прифатено, но не се применува.

Претседателот на Советот **Сашко Георгиев** наведе дека одлуката е кој што бара УСБ стик-флеш меморија ќе добие ауди запис од седница. Тој што побарал му било дадено.

За збор се јави Членот на Советот **м-р.Тања Чачарова Илиевска** која наведе дека советот има записници каде стои какви одлуки се донесуваат и доколку некој сака може да ги преслуша записниците. Која побарал да преслуша записник не бил одбиен.

За збор се јави Членот на Советот **Мери Радевска** која наведе дека нема да гласа за усвојување на записникот од 454-та седница одржана на 13.09.2023 година и продолжена на 14.09.2023 година, бидејќи истата не била присутна на тие датуми.

Членот на Советот **Весна Дамева** наведе дека краток период не била отустна, па затоа ќе гласа само во делот на кој била присутна.

Потоа Претседателот на Советот **Сашко Георгиев** записникот од 454-та седница со забелешките за техничка исправка, го стави на гласање.

По гласањето се констатира дека со 11 гласа „За“ усвоен е записникот од 454-та седница на Советот одржана на 13.09.2023 година и продолжена на 14.09.2023 година, со предложените забелешки.

Потоа Претседателот на Советот **Сашко Георгиев** по однос на записникот од 455-та седница одржана на 26.09.2023 година отвори расправа.

Членот на Советот **Мирсад Суроји** наведе дека не бил присутен на оваа седница заради што нема да гласа за усвојување на истиот.

Потоа Претседателот на Советот **Сашко Георгиев** записникот од 455-та седница со забелешките за техничка исправка, го стави на гласање.

По гласањето се констатира дека со 10 гласа „За“ усвоен е запиникот од 455-та седница на Советот одржана на 26.09.2023 година, со предложените забелешки.

Потоа Претседателот на Советот **Сашко Георгиев** по однос на записникот од 456-та седница одржана на 28.09.2023 година отвори расправа.

Членот на Советот **м-р.Селим Адеми** наведе дека не бил присутен на оваа седница заради што нема да гласа за усвојување на истиот

За збор се јави Членот на Советот Весна Дамева која наведе дека има зебелешки за овој записник во смисла на тоа дека во на страна 29 точка Разно каде е наведено дека “Претседателот на Советот Сашко Георгиев ги извести членовите на Советот за номинација за учество на Регионална работилница од 2022 година на мисии за рецензија врз основа на случаи за борба против организираниот криминал и корупција во западен Балкан во Тирана од 04 до 06 10.2023 година каде што се номинирани претседателот на Советот и членот на Советот Мери Радевска и воедно ги запраша дали има некој од членовите на Советот доброволно да се пријави за учество, на што членот на Советот Весна Дамева истакна дека има лична покана. Се пријави Антоанета Димовска, член на Советот за наведеното учество со тоа што до 03.10 да се изврши известување за учеството”, а бидејќи се работи за техничка грешка треба да стои “Претседателот на Советот Сашко Георгиев ги извести членовите на Советот за номинација за учество на Регионална работилница од 2022 година на мисии за рецензија врз основа на случаи за борба против организираниот криминал и корупција во западен Балкан во Тирана од 04 до 06 10.2023 година каде што се номинирани претседателот на Советот и членот на Советот Мери Радевска. Воедно Претседателот упати прашање до членовите дали има зинтересирани за учество на Конференција за национална конвенција на Европската унија на 04.10.2023 година на што членот на Советот Весна Дамева истакна дека има лична покана. Се пријави м-р.Антоанета Димовска, член на Советот за наведеното учество со тоа што до 03.10.2023 година да се извести за учеството”.

Потоа Претседателот на Советот **Сашко Георгиев** записникот од 456-та седница со наведената корекција, го стави на гласање.

По гласањето се констатира дека со 11 гласа „За“ усвоен е записникот од 456-та седница на Советот одржана на 28.09.2023 година, со предложените забелешки.

**Точка 2**

(Разгледување на извештај на Комисија по објавен оглас за избор на судии на Апелациониот суд Штип)

Претседателот на **Советот Сашко Георгиев** даде збор на Претседателот на комисијата Членот на Советот **м-р.Тања Чачарова Илиевска.**

Членот на Советот **м-р.Тања Чачарова Илиевска** наведе дека по разпишан оглас за избор на судии во Апелациониот суд Штип, бр.09-1903/2 од 02.10.2023 година Судскиот совет на РСМ фомираше комисија за рангирање во состав: м-р.Тања Чачарова Илиевска – Претседател, Лорета Горгиева и Мирсад Сруоји – Членови. По разгледување на апликациите од канидатите утврди дека по огласот се јавени вкупно 6 кандидати. По однос на навременоста на пријавите Комисијата констатира дека истите се навремено доставени од сите кандиодати. Во однос на комплатноста на потребната документација Комисијата ја утврди слената состојба. Пријавата на **Тодор Поп Панев** е комплетна, пријавата на кандидатот **Маја Џорлева** е комплетна, пријавата на каднидатот **Анита Јорданова** е комплетна. Пријавата на кандидатот **Сузана Милевска** е исто така комплетна, со напомена дека потребната документација како доказ за исполнување на условите од член 43 и член 46 став 1 точка 3 од Законот за судовите се наоѓа со пријавата била претходно доставена до Судскиот совет на РСМ по оглас за избор на двајца судии од Апелационен суд Штип-граѓанска област објавен во оглас во “Службен весник на РСМ”, бр.86 од 24.04.2023 година. Пријавата на кандидатит **Александар Цацков** е комплетна и истата била претходно доставена во Советот по оглас објавен во оглас во “Службен весник на РСМ”, бр.86 од 24.04.2023 година за избор на двајца судии од Апелационен суд Штип-граѓанска област. Единствено пријавата на кандидатот **Мери Гичева** е некомплетна. Овој кандидат нема доставено потврда дека во моментот на избор со правосилна пресуда не е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење професија, дејност или должност за дело поврзано со вршење на правната професија или друго дело за кое е предвидена казна затвор од најмалку 6 месеци. Има приложено уверение за неосудуваност и уверение од казнената евиденција. Исто така нема доставено потврда за судиски стаж, туку има доставено одлука за избор на судија во Основен суд Штип од 17.02.2008 година, заведена во Советот под бр.07-314/1 од 11.02.2008 година. Комсијата согласно наведеното го доставува овој извештај до Судскиот совет на РСМ.

Претседателот на Советот **Сашко Георгиев** отвори дискусија.

Збор зема Претседателот на Советот **Сашко Георгиев** кој по однос на кандидатот **Мери Гиечва,** во врска со доставената одлука за избор на судија во Основен суд Штип од 17.02.2008 година, заведена во Советот под бр.07-314/1 од 11.02.2008 година, наведе дека се работи за податок кој е релевантен како доказ дека истата е судија од тој датум односно се работи за доказ за судски стаж. Од друга страна констатицијата дека овој кандидат нема доставено потврда дека во моментот на избор со правосилна пресуда не е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење професија, дејност или должност за дело поврзано со вршење на правната професија или друго дело за кое е предвидена казна затвор од најмалку 6 месеци, но има приложено уверение за неосудуваност и уверение од казнената евиденција. Оттука Претседателот на Советот **Сашко Георгиев** смета дека не е од суштинско значење бидејќи доколку била изречена мерка за тоа ќе знае и Советот и истиот нема да работи како судија. Оттука смета дека е премногу ригорозно ваквото постапување на Комисијата. Побара од Комисијата да го образложи тој дел.

За збор јави Членот на Советот **м-р.Тања Чачарова Илиевска** која наведе дека во делот на доказот за судски стаж законодавецот е јасен и согласно член 46 став 1 точка 3 од Законот за судовите за судија на апелационен суд може да биде избрано лице кое има работно искуство од најмалку шест години непрекинат стаж како судија во основен суд, Управен или Виш управен суд до моментот на пријавување на изборот, кое од страна на Судскиот совет на Република Македонија е оценето со позитивна оцена, согласно со Законот за Судскиот совет на Република Македонија. Во точка 4 од истиот член е предвидено дека за судија на апелационен суд може да биде избрано лице кое има работно искуство од најмалку четири години непрекинат стаж како судија во друг апелационен суд до моментот на пријавување на изборот, кое од страна на Судскиот совет на Република Македонија е оценето со позитивна оцена, согласно со Законот за Судскиот совет на Република Македонија. Имајќи ги предвид ваквите одредби, во досегашното искуство Советот одлучил дека вака доставената документација не екомплетна. Наведе дека не ја познава колешката што конкурира и дали има непрекинат судиски стаж од 6 години односно има колеги кои се членови на Судскиот совет на РСМ. Од одлуката за избор не може да се утврди дека кандидатот има непрекинат судски стаж од 6 години. По однос на наведеното Претседателот на Комисијата остава Советот да оцени.

Претседателот на Советот **Сашко Георгиев** наведе дека нема потреба од толку формален пристап бидејќи Советот располага со тие податоци. За вакви ситуации смета дека Советот имал донесено заклучок.

За збор се јави Членот на Советот **м-р.Селим Адеми** кој наведе дека членот од законот бил јасен и доколку комисијата оцени дека пријават е спорна тогаш е должна со образложение да го извести Советот.Судскиот совет на РСМ донел заклучок дека сите документи со кои располага Советот почнувајќи од стаж, диплома, правосуден испит и сл. ќе бидат прифатени како валидни. Се

работи за одредба од Законот за судовите и сите документи кои Советот ги нема во досието на судијата треба да се доставаат. Истото се однесува и за лекарското уверение. Документите како што се уверение за завршен факултет, за положен правосуден испит и диплома за завршен факултет се наоѓаат во Советот. За судискиот стаж може да се прифати бидејќи тие податоци се наоѓаат во Советот.

За збор се јави Членот на Советот **Мирсад Сурoји** кој наведе дека Советот нема заклучок и смета дека доколку би имало изречена казна за некој судија тогаш Советот би знаел. Треба Советот да заземе заеднички став по ова прашање во писмена форма. Не треба колегите да бидат огрничувани на таков начин.

За збор се јави Членот на Советот **Лорета Горгиева** која наведе дека Комисијата немаше различно мислење по однос на доставената документација од кандидатите. Доколку нешто недостасува ќе може да се обезбеди. Меѓутоа кога се работи за документ дека не е изречена забрана за вршење професија, дејност или должност, Советот не располага за такви податоци и затоа документите на наведената колешка се некомплетни, за што Комисијата била едногласна во одлучувањето.

За збор се јави Членот на Советот **м-р.Селим Адеми** кој наведе дека Комисијата смета дека е спорно и го доставува до Советот на расправање и одлучување. Во законот има избор на судија и избор на судија во повисок суд. За избор на судија се бара и оваа потврда, но за избор на судија во повисок суд лице кое кое има работно искуство од најмалку шест години непрекинат стаж како судија во основен суд, Управен или Виш управен суд до моментот на пријавување на изборот. Овие се посебни услови. Ако се оди по тоа дека е активен судија и располага со сите тие документи и конкурира за повисок суд треба да ги има само овие 2 документи, а другите документи се бараат согласно правилникот за рангирање. Ако претходно Советот одлучил за ваква ситуација и тогаш документите се одбиени и имало строг формализам, тогаш истото ќе важи и за овој кандидат.

За збор се јави Членот на Советот **м-р.Тања Чачарова Илиевска** која наведе дека со законот се дадени условите кои треба кандидатот да ги исполни и кога треба да се избира судија во повисок суд треба да ги има и едните и другите услови. Во конкретниот случај се работи за документ за кандидат дека не му е изречена прекршочна санкција. Овие состојби се од времен карактер. Кога истата била избрана за судија во 2008 година поднела таква потврда, а што би било сега во 2023 година. Ако во огласот е наведено дека треба да се доставаат тие и тие документи, тогаш треба да се доставаат. Тоа е согласно членот од законот.

За збор се јави Членот на Советот **м-р.Селим Адеми** и наведе дека треба да се провери фактот дали имало за таква иста пријава за друг судија иста таква ситуација за да се постапи а ист начин.

За збор се јави Членот на Советот **Мери Радевска** која наведе дека имало донесено заклучок заради вакви проблеми дека во огласите кога се објавуваат треба да се наведе кои документи се бараат. Во овој оглас тоа не било направено. Во таква ситуација кога ќе биде наведено во огласот кои документи се бараат, се друго надвор од тоа се непотполни документи. Доколку во огласот не е наведено кои документи се бараат, судијата е оставен самиот да толкува дали треба да достави диплома, активно владеење на македонски јазик, дали е дражвјанин на РСМ и сл. Во член 45 од Законот за судовите се наведени условите, а не документите. Потребно е во огласите за се наведе кои документи се бараат. Пракса е да се достави документ дека не е изречена прекршочна санкција забрана за вршење професија, дејност или должност. Во огласот тоа не било наведено, туку само е наведено да се исполни услов од превидениот член во законот. Во извештајот од Комсијата нема што доставиле каднидатите, туку само што е комплетно и што недостасува.

За збор се јави Членот на Советот **м-р.Тања Чачарова Илиевска** која наведе дека во извештајот не било наведено што доставиле, меѓутоа имајќи ја предвид содржината на огласот комисијата констатира дека се комплетни документите.

За збор се јави Членот на Советот **м-р.Антоанета Димовска** која наведе дека податоците се неспорни, но тука не е доставен доказ – потврда дека не е изречена забрана за вршење професија, дејност или должност кој документ не го креира Советот и може да јави проблем дали истиот е доставен или не. Кандидатот доставила друг документ – Уверение за неосудуваност и Уверение од казнена евиденција што е различен документ, па оттука документацијата не комплетна заради овој документ. Во иднина ќе треба сериозно да се пристапи кон оваа работа.

За збор се јави Членот на Советот **Лорета Горгиева** и наведе дека се доаѓа во ситуација каде има разидување во делот на објавените огласи. Во некои огласи стои кои документи се бараат, а за други огласи Советот донесе заклучок документите за образование: Уверение за завршен факултет, диплома, за правосуден испит не треба да се доставуваат и сл. Ова треба да се реши на колегиум за во иднина огласите да бидат унифицирани, точно да биде наведено што се бара согласно законската рамка. Нема воедначена пракса во однос на огласите.

Членот на Советот **Весна Дамева** наведе дека кај нејзе преовладува ставот дека не треба претеран формализам. Неспорно е дека не се доставени наведените документи кај горенаведените кандидати, но каде е наведено во законот во која форма треба да биде односно каде е наведено дека треба да има потврда за судиски стаж, а не одлука за избор. Штом има во документите одлука за избор тоа е доволно бидејќи ништо не е променето од 2008 година и тој документ тоа го потврдува. Исто така комисијата тој факт може да го провери во системот. По однос на потврдата за прекршочна санкција – забрана за вршење професија, дејност или должност, тој факт судијата не треба да го докажува бидејќи е облигаторно за секој судија штом е изречена, истиот трба

да ја достави. Штом не е докажано дека е изречена, тогаш таа не е изречена. Наведе дека ќе гласа за комплетна документација.

За збор се јави Членот на Советот **м-р.Тања Чачарова Илиевска** која наведе дека не се согласува со ставот за претеран формализам за потврда за нрепекинат судиски стаж од 6 години како судија во Основниот суд. Што ако Советот нема доказ дека има мирување на стажот за судијата. Ова што го бара законот треба да се докаже.

За збор се јави Членот на Советот **м-р.Ивица Николовски** и наведе дека заклучокот на Советот се однесуваше за избор на претседатели. Тоа беше со цел Советот да не биде строго формален. За општо познатите факти судијата не треба да доставува документи. Но комисијата, посебно имајќи во предивд дека Советот е судиска куќа, неме потреба да бара од кандидатите нешто што е општо познато. Ако Советот не е сигурен тогаш истите да се дополнат. Ако судијата има прекинат стаж, тогаш тоа треба да го знае Советот, бидејќи врз основа на негова одлука ќе се знае дали судијата ја врши функцијата или не.

Членот на Советот **м-р.Селим Адеми** наведе дека доколку во огласот треба да се достават документите од член 45 и член 46 од Законот за судовите тогаш треба да се достават тие документи.

Членот на Советот **м-р.Ивица Николовски** истакна дека во членовите 45 и 46 со неподнесување на диплома на пр., не значи дека тој судија не ги исполнува условите. Законот кажува кои услови треба да се исполнат. Таа диплома една е третирана и то судија до ден денес ја извршува судиската должност.

За збор се јави Членот на Советот **Лорета Горгиева** која наведе дека расправата се врти во круг. Ако се види огласот се гледа дека кандидатите треба да ги испокнат условите од член 45 и член 46 став 1 точка 3 од Законот за судовите и наведени се службените весници. Комисијата се состана во полн состав и за секој кандидат посебно се рагледуваше документацијата, се направи записник, се постапи согласно законската одредба. Не може да се носи одлука врз основа на претпоставки. Има закон и конкретна ситуација за секој поединечен кандидат. Недостасува документ кој не се прибавува од Советот, туку од друг орган.

За збор се јави Членот на Советот **м-р.Антоанета Димовска** која наведе дека не се работи за диплома односно стаж, туку за потврда за неизрекувана прекршочна санкција. Не се работи за формалност. Советот е креатор на сите податоци. Но овој документ не го издава Советот.

Членот на Советот **Весна Дамева** истакна дека во член 45 покрај овој услов се бара и диполома, уверение и итн., кои се таксативно наведени. Советот не е запознаен дали е изречена таа прекршочна санкција. При изрекување на овие мерки односно казни облигаторно е истите да се достават, бидејќи во спротивно следува морална одговорност или кривична санкција.

За збор се јави Членот на Споветот **м-р.Миљазим Мустафа** кој наведе дека ниеден кандидат не може да биде избран ако ја нема целосната документација. Сите кандидати треба да ги доставуваат документите наведени во член 45 и 46 од Законот за судовите.

Членот на Советот **Мери Радевска** наведе дека огласот кажува дека треба да се исполнат услови кои се наведени, а ненавремената пријава со документација нема да се разгледува. Огласите треба да бидат целосни и да се наведе која документација треба да се достави.

За збор се јави Членот на Советот **Весна Дамева** која наведе дека по однос на избор на Претседатели на судови Советот донесе заклучок кои документи треба да се донесат, а тоа е пропуштено во оваа ситуација. Огласот е така изготвен, но истата не го изготвила огласот.

Членот на Советот **Лорета Горгиева** наведе дека овој заклучок не бил донесен едногласно и нејзин став е дека Советот нема право со заклучок да дерогира закон.

Потоа Претседателот на Советот **Сашко Георгиев** предлогот на Комисијата содржан во извештајот го стави на гласање.

По гласањето со 9 гласа „За“ и 3 гласа “Против” Претседателот на Советот **Сашко Георгиев** констатира дека е усвоен извештајот на комисијата за навременост на документацијата.

## Точка 3

(Разгледување на одлука на Виш управен суд)

Претседателот на Советот **Сашко Георгиев** наведе дека е поднеснео барање за повторување на постапка за судија Славчо Тасев по оглас за избор на член Советот и донесена е пресуда на ЕСЧП. Наведе дека по поднесена тужба од страна на Славо Тасев до Управниот суд била донесена пресуда со која тужбата била одбиена како неоснована, а по поднесена жалба Вишиот управен суд истата ја усовил и ја преиначил пресудата на Управниот суд на начин што ја усвоил тужбата на тужителот и решението на Советот се поништува и враќа на повторно одлучување. Дадени се насоки да се почитува пресудата на ЕСЧП, а потоа се предлага Советот правилно да ја спроведе постапката и по правилно утврдена фактичка состојба да донесе законита одлука.

По наведеното Претседателот на Советот **Сашко Георгиев** отвори расправа.

За збор се јави Членот на Советот **Лорета Горгиева** која наведе дека се работи за оглас во 2012 година, а не во 2011 година. Барањето во ЕСЧП било

поднесено во 2013 година, а одлуката на ЕСЧП е донесена на 16.03.2019 година и се однесува на изборот во 2012 година кога за член на Советот била избрана Мирјанка Гоцевска Стефановска од Апелациониот суд Штип. Бидејќи во тој предмет се спомнува и името на Членот на Советот Лорета Горгиева истата бара да биде изземена од повторно постапување на Советот. Бара да биде изземена и Членот на Советот Весна Дамева бидејќи истата учествувала во трочлената комисија кога барањето за повторување на постапката било отфрлено од страна на Советот.

За збор се јави Членот на Советот **Весна Дамева** која побара да се наведат причините за нејзиното изземање. Точно дека е пресуда од огласот во 2012 година, но без оправдани причини не може да се бара изземање. Во оваа ситуација прашање е дали ќе се почитуваат одлуките на ЕСЧП и на Вишиот управен суд од страна на членовите на Советот.

Членот на Советот **Лорета Горгиева** наведе дека бара изземање на Весна Дамева само од учество во трочлената комисија. Во таа комисија Претседател бил Ханиф Зендели, а членови Весна Дамева и Гордана Спиреска, а сега Гордана Спиреска не е повеќе член на Советот. Образложените причини ќе ги доставела во писмена форма.

Членот на Советот **Весна Дамева** побара да и се достават и нејзе во писмена форма образложените причини за нејзино изземање и смета дека нема никакви причини за нејзина пристраност во одлучувањето како член на комисија.

За збор се јави Членот на Советот **Ивица Николовски** кој наведе дека нема точка на дневен ред изземање и нема потреба од вакво одвивање на дискусијата. Точка на дневниот ред е разгледување на пресуда на Вишиот управен суд. Во пресудата се дадени јасни напатствија и Советот треба да постапи по задолженијата во пресудата. Предлага да постапува истата комисија. Бидејќи на еден член од комисијата му престанала функцијата член на Советот, тој член треба да се пополни во комисијата. По формирање на комисијата може да се расправа по евентуално барање за изземање.

Членот на Советот **Лорета Горгиева** наведе дека колегата Ивица го потврди тоа што истата го кажала. Токму барањето на колегата Славчо Тасев било да не учествува Членот на Советот Лорета Горгиева во повторното одлучување, иако истата не учествувала во претходното постапивање. Смета дека сега е време да истакне изземање од постапување по овој предмет. Доколку Советот смета дека треба да ја напушти седницата, истата тоа ќе го направи.

За збор се јави Членот на Советот **м-р.Тања Чачарова Илиевска** која наведе дека се работи за чиста работа бидејќи е поништена одлука на Советот од страна на Вишиот управен суд и сега е ситуација кога Советот треба да одлучи по барањето. Постапката за одлучување ја има во Законот. Се губи непотребно време во вакви дискусии. Потребно е комисијата да се комплетира.

По однос на барањето за иземање, колешката нека достави писмено образложение за причините.

Членот на Советот **м-р.Миљазим Мустафа** наведе дека членови по функција во меѓуресорската комисија за извршување на пресудите на ЕСЧП се Претседателот на Судскиот совет на РСМ, Претседателот на Врховниот суд на РСМ, Претседателот на Советот на јавни обвинители на РСМ и Владиниот агент за застапување на Република Северна Македонија пред ЕСЧП.

За збор се јави Членот на Советот **Лорета Горгиева** која наведе дека **Сашко Георгиев** како претседател на Советот требал да реагира бидејќи одлуката била објавена на фејсбук страницата на Министерот за правда. Советот прекутил и останал без коментар како протекле информации кои не требало да излезат. Пропуст имало на страна на Советот од каде излегле информациите и на кој начин. Како што е објавена од страна на Министерот за првада, истата била без штембил на Советот.

Членот на Советот **м-р.Антоанета Димовска** наведе дека не е вештак за да утврди дали е истата одлука од Советот таа што е објавена од страна на Министерот. Не се работи за постапка која е доверлива, туку за нешто друго. Постапката е во фаза на формирање комисија и најавено е иземање.

Претседателот на Советот **Сашко Георгиев,** по извршеното ждребање за член на комисијата на место на Гордана Спиреска, констатира дека е формирана комисија во состав: Ханиф Зендели – Претседател, м-р.Антоанета Димовска – Член и Весна Дамева – Член.

Претседателот на Советот **Сашко Георгиев** ја задолжи Членот на Советот **Лорета Горгиева** во рок од 5 дена односно до понеделник да го достави писменото барање за иземање на Членот на Советот **Весна Дамева.**

## Точка 4

(Одлучување по Известување за утврдена фактичка состојба)

Бидејќи за точка 4 и 5 треба да биде исклучена јавноста, предлогот за исклучување на јавноста Претседателот на Советот **Сашко Георгиев** го стави на гласање.

По извршеното гласање со 11 гласа “За” Претседателот на Советот **Сашко Георгиев** констатира дека е донесена одлука со која се исклучува јавноста.

## Точка 5

(Формирање комисии по поднесени барања за утврдување одговорност за судија)

Точка 6

(Разно)

Претседателот на Советот **Сашко Георгиев** наведе дека е пристигнат допис од Основен кривичен суд Скопје во врска со проектот на дигитализацијата на судството – интероперабилност со кој се бара од Судскиот совет на РСМ да даде дозвола на судот за да може од ИКТ советот користење на база на податоци за кривична евиденција на граѓани во врска со АКМИС системот.

Членот на Советот **м-р.Миљазим Мустафа** наведе дека веќе се издаваат електорнски потврди преку компјутер, телефон и сл. Во советот на ИКТ беше планирано да се овозможи со оваа апликација да се издаваат уверенија од кривична евиденција, за деловна способност и сл., од базата на кривичен суд со дигитален потпис од Претседателот на судот. Ова ќе биде големо олеснување за граѓаните.

За збор се јави Членот на Советот **Весна Дамева** наведе дека нема причини Советот да дава согласност за такво нешто. Претседателот на судот тоа го менаџира и самиот знае како се обработуваат таквите податоци, а Советот тоа го подржува.

Претседателот на Советот **Сашко Георгиев** по однос на овој допис од Основниот кривичен суд Скопје појасни дека ќе се достави писмен одговор во кој ќе се наведе дека Советот дава подршка на ваквиот проект и стои зад него, а се со цел олеснување на работата на граѓаните, нудење на ефикасна и квалитетна правда со почитување на законските одредби.

Со оглед на тоа дека Дневниот ред е исцрпен, Претседателот на Советот **Сашко Георгиев** ја заклучи седницата.

Седницата заврши во 14:40 часот.

**Напомена:** Тонскиот запис и  Листингот со резултати од гласањето се составен дел на овој записник.

**СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА**
**СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Сашко Георгиев**

______________________________

**Изработил:** Владимир Станковиќ

**Одобрил**: Весна Толева